| SPARKASSE Bank | НАДЗОРЕН ОДБОР | **Бр. 36382/1-7-2** |
|---|---|---|
| | | **Датум: 24.04.2025** |
| | | **Стр.** 1/1 |

**М И С Л Е Њ Е**

**на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје кон Консолидираниот годишен извештај во 2024 година**

Податоците презентирани во Консолидираниот Годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2024 година претставуваат реален показател за макроекономските и пазарни услови на работење, глобалната економска ситуација, нарушеното функционирање на пазарите и рестриктивната кредитна политика од една страна, но исто така и заложбите на органите на управување и вработените во Групата во остварување на стратешките определби и зацртаните плански активности за 2024 година, од друга страна. Консолидацијата ги вклучува активностите на Шпаркасе Банка АД Скопје, Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје и правното лице за специјални намени С АМЦ 1 ДООЕЛ Скопје – правно лице со претежна дејност купопродажба на сопствен недвижен имот.

Консолидираниот Годишен извештај дава целосна слика на активностите на Групата во 2024 година, како и на остварените финансиски резултати.

Консолидираниот Годишен извештај го презентира управувањето со ризиците, усогласеноста со супервизорските стандарди, финансиските активности, работењето на органите на Групата, управувањето со човечките ресурси, маркетинг активностите како поддршка на стратегијата за развој и креирање корпоративен имиџ и развојот на информатичката технологија.

Во Консолидираниот Годишен Извештај на систематизиран начин се презентирани остварувањета по одделни банкарски активности, и тоа како во поглед на основните финансиски активности, така и за сите останати активности кои придонесуваат за стабилно работење, адекватно управување со Групата и усогласување со целокупната регулатива.

Според мислењето на Надзорниот одбор, Консолидираниот Годишен Извештај дава вистинска и објективна слика за работењето на Групата во текот на 2024 година.

Во согласност со Член 89 став 3 точка 25 од Закон за банките, Надзорниот одбор на Банката го доставува ова писмено мислење за наведениот Консолидиран Годишен извештај до Собранието на акционери.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Георг Бухер